**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПИЈАНО НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-58/6 од 5.4.2017 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичка академија, одржана на 5.4.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *пијано* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Милица Шкариќ**, редовен професор од наставно-научните области пијано и методика на настава по пијано на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- **проф. д-р Ана Гацева**, редовен професор од наставно-научната област пијано и методика на настава по пијано на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - член;
- **проф. д-р Илчо Јованов**, редовен професор од наставно-научните области солфеж и етнохармоника на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член**.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 8.3.2017 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Татјана Џорлева, вонреден професор по Пијано и Методика на настава по пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Татјана Џорлева** дипломира пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Стела Слејанска-Стојаноска. Магистерските студии по пијано ги завршува со највисок просек на истиот факултет. По магистрирањето, Татјана Џорлева го продолжува своето усовршување на Факултетот за музичка уметност во Скопје каде што ја завршува докторската дисертација по пијано интерпретација под менторство на проф. Стела Слејанска-Стојаноска, а научноистражувачката дејност на докторатот ја работи под менторство на проф. Димитрије Бужаровски. За време на својот докторат го изведува делото „Дваесет погледи кон детето Исус” од композиторот Оливије Месијан, што е воопшто и прва изведба во Македонија.

Во текот на своето образование работи со врвни педагози од кои се издвојуваат проф. Акилес Дел Вињ (Салцбург), Арбо Валдма, Марчела Крудели (Италија), Рита Кинка (Србија), Андреј Диев (Русија), Наташа Вељковиќ итн. Добитничка е на бројни награди и признанија, меѓу кои се издвојуваат неколку први награди на републичко ниво и втора награда на Интернационалниот музички натпревар „Интерфест” во Битола.

Татјана Џорлева како солист реализира бројни концертни настапи, како во својата земја така и на европската сцена. Како солист одржува концерти во: Црквата „Св. Северин” – Париз (Франција), „TeatroGurcci” – Барлета (Италија), Рим (Италија), „Вила Медичи” – Милано (Италија), Салцбург (Австрија), Лондон (Англија), Софија (Бугарија), Загреб (Хрватска), Белград (Србија), концерти низ повеќе градови во Македонија и концерти во рамките на фестивалите „Штипско лето”, „Скопско лето”, „Охридско лето”, „Музика вива”, „Балкански класичен музички фестивал”, фестивал за современа музика „Модоарс”, „Денови на македонска музика”, „Шопенова вечер”.

Татјана Џорлева како солист учествува и на бројни концертни настани во организација на Францускиот културен центар, Британскиот совет, Културно-информативниот центар итн.

Остварува голем број соработки со македонските композитори Бужаровски, Коларовски, Зогравски, Гајдов и Темков, промовирајќи ја современата музика во Македонија и надвор од неа.

Татјана Џорлева реализирала бројни снимки за потребите на интернет радиото на ФМУ - Скопје и за Македонската Радио Телевизија.

Соработува и со камерни состави со кои настапува во својата земја и пошироко. Член е на квартетот „Фонетико" – две пијана и двајца перкусионисти, со кој постигнуваат голем успех на концертната сцена како состав формиран за првпат во Македонија.

Татјана Џорлева е активен член во пијано дуото Гацева–Џорлева. Првата турнеја на дуото е остварена во 2004 година во Македонија, со концерти на Скопско лето, Штипско културно лето и други градови. Последната турнеја е реализирана во 2014 година со пијано репертоар со композиции за четири раце, првпат изведен во Македонија.

Џорлева е дел и од пијано дуото Џорлева–Потевска. Покрај бројните настапи се издвојува освоената прва награда и златен медал во категорија за возрасни на интернационалниот Музички фестивал „Култура и музика" во Барлета, Италија. Како заеднички успех се издвојува и Балканската турнеја во 2010 година за промоција на македонската современа музика и македонската култура, со високо оценетите целовечерни концерти во Софија (Бугарија), Нови Сад, Белград, Шабац (Србија), Скопје, Штип, Охрид и Битола на „Бит фест" (Македонија). Во 2013 година го издаваат и своето заедничко ЦД.

Во 2004 година Џорлева почнува да работи во средното музичко училиште „Сергеј Михајлов" во Штип. Во 2007 година е избрана за доцент по пијано, методика на настава по пијано и камерна музика. Од 2012 година е избрана во вонреден професор по пијано и методика на наставата по пијано на Музичката академија во Штип.

Има изготвено повеќе рецензирани скрипти по пијано и методика на наставата по пијано за потребите на студентите, а во моментов ја подготвува нејзината книга „Пијанизмот во делото *'Дваесет погледи кон детето Исус'* од Оливије Месијан".

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од обласа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

1. Редовен професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности.

Кандидатката проф. д-р Татјана Џорлева е избрана во звањето вонреден професор по наставно-научната област пијано и методика на настава по пијано на Музичката академија при УГД во април 2012 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на МА во Штип. На Конкурсот таа има приложено диплома со научен степен доктор на музички уметности (пијано) стекната на УКИМ во Скопје.

1. Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или во странство).

Кандидатката проф. д-р Татјана Џорлева има приложено концертни програми за изведба на 11 целовечерни концерти и 3 настапи на концерти во траење до 30 минути.

Концертите се реализирани во периодот од мај 2012 до декември 2015 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

2. Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници.
3. Дипломираните пијанисти од класата по пијано на проф. д-р Татјана Џорлева веќе работат како наставници по пијано во музичките училишта.
4. Под нејзино менторство се изработени дипломски/магистерски трудови.
5. Проф. д-р Џорлева била ментор на четворица дипломирани пијанисти во нејзината класа: Дејан Стојанов, Јованче Банев, Стефанија Стрмбова и Драгана Карова, сите дипломирале пијано со оценка 10. Во моментот таа е ментор на студентите Панче Илиев и Стефан Мишков.
6. Покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Проф. д-р Татјана Џорлева успешно изведува настава на додипломските студии по пијано на Вокално-инструменталниот оддел по предметите Пијано и Методика на настава по пијано 2. Џорлева е член на тимот кој ги креира наставните програми по пијано на Музичката академија во Штип.

7. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД или ДВД.

Проф. д-р Татјана Џорлева има издадено ЦД со пијано композиции за четири раце на кое настапува заедно со Емилија Потевска, достапни во целост на репозиториумот на УГД.

8. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот;
9. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =40, (НИ) =45, (САОР) = 15 или вкупно 100 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Во април 2012 година проф. д-р Татјана Џорлева е избрана за вонреден професор по предметите Пијано и Методика на настава по пијано на Музичката академија при УГД-Штип. Претходно е избрана како доцент во 2007 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од изборот во 2012 година до денес на Музичката академија таа ги предава предметите: Пијано на Вокално-инструменталниот оддел (Катедра за пијано) и на Одделот за музичка теорија и педагогија, Методика на настава по пијано 2 на Вокално-инструменталниот оддел (Катедра за пијано). Досега во нејзината класа по пијано дипломирале студентите Дејан Стојанов, Јованче Банев, Стефанија Стрмбова и Драгана Карова со највисока оценка 10 (десет).

За додипломските студии по пијано, Џорлева има изготвено две скрипти: „Учебно помагало на студентите по пијано” и „Водич низ пијанистичките техники”.

Во периодот од 2012 до 2015 година, студентите од класата по пијано на проф. д-р Татјана Џорлева одржаа 16 целовечерни групни и солистички концерти наведени подолу:

1. 25.6.2012 г., Ликовен салон, Велес, Концерт на студентите од Катедрата по пијано при УГД Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5107)
2. 26.6.2012 г., Концертна сала ОМУ „Боро Џони“ - Струмица, Концерт на студентите од катедрата по пијано при УГД - Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5107)
3. 28.6.2012 г., Центар за култура „Иван Мазов-Климе” - Кавадарци, Концерт на студентите од Катедрата по пијано при УГД - Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5107)
4. 4.7.2012 г., Уметничка галерија „Безистен“, Штип, Концерт на студентите од Катедрата по пијано при УГД - Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5107)
5. 25.12.2012 г., концертна сала на ФМУ - Штип, Новогодишен концерт на студентите од Катедрата по пијано при ФМУ - Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5111)
6. 27.5.2013 г., ДМУ Битола, стар објект, рецитал на Дејан Стојанов, студент во

Класата по пијано на проф. д-р Татјана Џорлева, со дела од Бах, Бетовен, Рахманинов и Лист.

(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9597)

7. 29.5.2013 г., Концертна сала на ФМУ, Штип, рецитал на Дејан Стојанов, студент по пијано во класата на проф. д-р Татјана Џорлева, со дела од Бах, Бетовен, Рахманинов и Лист.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9594)
8. 12.2.2014 г., Годишен концерт на Музичката академија во Штип, Уметничката галерија „Безистен“ во Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12635)

9. 23.12.2014 г., Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструментален оддел, Мултимедијален центар, Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12156)
10. 27.4.2015 г., „Младите пијанисти на Македонскиот подиум 2015", НУЦК „Ацо Шопов", Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15056)
11. 28.04.2015 година„Младите пијанисти на Македонскиот подиум 2015", ОМУ „Боро Џони", Струмица.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15054)
12. 22.6.2015 г., Штипско културно лето, „Вечер на пијаното", Уметничка галерија „Безистен", Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13939)
13. 18.11.2015 г., концертна сала на ФМУ, Штип, солистички концерт на Драгана Карова, студент по пијано во класата на проф. д-р Татјана Џорлева, со дело од Рахмањинов-Концерт за пијано и оркестар бр. 2.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15447)
14. 23.12.2015 г., Штип, концертна сала на Музичка академија: Новогодишен концертен хепенинг со студенти од Катедрата по пијано при УГД - Штип.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15081)
15. 27.12.2015 г., концертна сала на ФМУ, Штип, солистички концерт на Стефанија Стрмбова, студент по пијано во класата на проф. д-р Татјана Џорлева, со дело од Шопен - Концерт за пијано и оркестар бр. 2.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15449)
16. 27.12.2015 г., концертна сала на ФМУ, Штип, солистички концерт на Јованче Банев, студент по пијано во класата на проф. д-р Татјана Џорлева, со дело Концерт за пијано и оркестар бр. 11 од Ј. Хајдн.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15450)

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од мај 2012 година до декември 2015 година, проф. д-р Татјана Џорлева изведува 11 целовечерни солистички и камерни концерти во признати сали и три настапи на групни концерти. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. 17 август 2012 година, „Бит фест" НУ Завод и музеј – концертна сала, Битола -целовечерен концерт на дуо пијано (Џорлева-Потевска), со дела од Дебиси, Пуланк, Равел, Новак, Темков.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4351)
2. 9 ноември 2012 година, Концертна сала ФМУ-Скопје, Р Македонија, целовечерен солистички концерт со дело од Стравински – Капричо за пијано и оркестар.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11402)
3. 27 февруари 2013 година, Концертна сала на Музичка академија – Штип, целовечерен солистички концерт со дело од Оливије Месијан – „Дваесет погледи кон детето Исус".
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17618)
4. 12 март 2013 година, Концертна сала на ФМУ-Скопје, целовечерен солистички концерт со дело од Оливие Месиан – „Дваесет погледи кон детето Исус".
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9600)
5. 4 ноември 2014 година, Ликовен салон – Велес, целовечерен концерт на дуо пијано Гацева - Џорлева со дела од Бизе и Дворжак (премиерна изведба во Македонија).
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12633)
6. 6 ноември 2014 година, ООМУ „Ристо Јуруков" - Кочани, целовечерен концерт на дуо пијано Гацева - Џорлева со дела од Бизе и Дворжак.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12631)
7. 12 ноември 2014 година, концертна сала на Музичка академија-Штип, целовечерен концерт на дуо пијано Гацева–Џорлева со дела од Бизе и Дворжак.

(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12632)

8. 24 ноември 2014 година, концертна сала на ФМУ-Скопје, целовечерен концерт на дуо пијано (Гацева-Џорлева) со дела од Бизе и Дворжак.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12634)
9. 5 октомври 2015 година, Фестивалот за современа музика „Модоарс 2015“, Национална галерија „Даут пашин амам”, целовечерен концерт за виолина и пијано со дуо Илиева–Џорлева со дела од Сарасате, Пиацола, Маснет, Вилиамс, Де Фаља, Крајслер, Шуплевски.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15445)
10. 5 ноември 2015 година, Концертна сала на ООМУ „Ристо Јуруков”– Кочани, целовечерен концерт за виолина и пијано со дуо Илиева–Џорлева со дела од Сарасате, Пиацола, Маснет, Вилиамс, Де Фаља, Крајслер, Шуплевски.
    (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17590)
11. 10 ноември 2015 година, Концертна сала на Музичка академија - Штип, целовечерен концерт за виолина и пијано со дуо Илиева–Џорлева со дела од Сарасате, Пиацола, Маснет, Вилиамс, Де Фаља, Крајслер, Шуплевски.
    (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15446)

Настапи на групни концерти (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 7 за вкупен број поени од овие концерти):

12. 12 декември 2013 година, концертна сала ФМУ-Скопје, концерт во сеќавање на проф. Стела Слејанска-Стојаноска, настап на дуо пијано (Џорлева–Потевска) со дело од Дебиси.
    (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9575)
13. 12 декември 2014 година, концертна сала на Музичка академија-Штип, концерт во сеќавање на проф. Стела Слејанска-Стојаноска, настап со дело од Оливие Месиан
14. 10 декември 2014 година, Фестивал за современа музика „Модоарс 2014“, Салон 19,19 Скопје, концерт на дуо пијано Џорлева - Потевска со дела од Дебиси, Пуланк и Темков.
    (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17588)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во декември 2013 година, Џорлева издаде ЦД со пијанистката Емилија Потевска. На ова ЦД Џорлева и Потевска изведоа дела од светската литература со пијано композиции за четири раце од Дебиси, Пуланк, Равел, Новак и Темков. ЦД изданието беше целосно поддржано од Министерството за култура на Р Македонија. Изданието е достапно на линкот од репозиториумот на УГД: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9564.

Од 2008 година Џорлева е шеф на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип. Проф. д-р Џорлева е редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити по предметот Пијано на Вокално-инструменталниот оддел и Одделот за музичка теорија и педагогија на Музичката академија при УГД – Штип на додипломските и постдипломските студии. Таа е дел и од тимот кој ги изработува студиските програми по пијано на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 г.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката проф. д-р Татјана Џорлева ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 106 поени (НО+НИ+САОР=40+48+18) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од мај 2012 година до денес може да се констатира дека проф. д-р Татјана Џорлева остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во нејзините наставни области. Од претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за кандидатката проф. д-р Татјана Џорлева да ја избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област пијано.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милица Шкариќ, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Ана Гацева, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор Музичка академија УГД – Штип во 2012 година | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (11 целовечерни концерти) | 11x3 | 33 | | | 33 |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (три настапи на групни концерти) | 3x2 | 6 | | | 6 |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1x8 | 8 | | | 8 |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1x1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **48 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Издаден компакт диск | 1x6 | 6 | | | 6 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (шеф на ВИ одделот, комисија за приемни испити по пијано, комисии за завршни испити по пијано на МТП и ВИ оддел, методика на настава по пијано, комисија за постдипломски студии по пијано) | 6x2 | 12 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **18 поени** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **106 поени** |